Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
## од Четириесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 17 мај 2022 година

Скопје, мај 2022 година

**З А П И С Н И К**
**од Четириесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 17 мај 2022 година**

Седницата започна во 13:05 часот.

На седницата претседава претседателот на Владата на Република Северна Македонија, д-р Димитар Ковачевски и д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата присуствуваа м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, членовите на Владата, Славјанка Петровска, министер за одбрана, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Никола Тупанчески, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, доц. д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и д-р Џемаил Чупи, министер без ресор, задолжен за дијаспора, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за правда, д-р Владимир Рендевски, заменик на министерот за здравство, д-р Лулзим Алиу, заменик на министерот за образование и наука, Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација и д-р Христина Оџаклиевска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање, како и Каја Шукова, државен секретар во Министерството за животна средина и просторно планирање.

На седницата присуствуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Муамет Хоџа и Душко Арсовски, портпароли на Владата на Република Северна Македонија, м-р Васко Ковачевски, директор на Акционерско друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје и Билјана Пецовска, нотар.

Од седницата отсуствуваа Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и членовите на Владата м-р Беким Сали, министер за здравство, м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација и Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање.

*

*        *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

- Усвојување на Записникот од 43-та седница на Владата, одржана на 3 мај 2022 година

**ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД:**

- Статус на реализација на капиталните расходи во Буџетот на Република Северна Македонија

1. Информација во врска со потребата од продолжување на рокот за повлекување на средства и рокот за отплата на заемот од КфВ Развојна банка (согласно Договорот за заем од 13.12.2018 година), со цел реализација на проектот „Парк на ветерни електрани Богданци-Фаза II“

2. Информација во врска со можноста за потенцијална соработка на Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје со Францускатa агенција за развој (АФД)

3. Информација за потребата од престанок на користење и давање на трајно користење на движни ствари без надомест во државна сопственост, со Предлог-одлуки

4. Информација во врска со изготвената Физибилити студија и можноста за воспоставување на јавно приватно партнерство за проектирање, финансирање, изградба, управување и одржување на технолошко индустриска развојна зона Гевгелија, со Предлог-одлука

5. Информација за продажба на одземен недвижен имот на прво јавно наддавање (запишан во Имотен лист 19058, КП 2424 КО Центар 2), со Предлог-одлука

6. Информација за потребите и План на активности заради зголемување на ефикасноста на системот за заштита и спасување во справување со пожарите во претстојната сезона 2022 година

7. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (У 03-270/1 КП бр.10-70 место викано Село, КО Агино Село)

8. Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2022 година

9. Предлог-програма за дополнување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2022 година

10. Информација во врска со усвојување на Националниот план за енергија и клима на Република Северна Македонија

11. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Тиволи, Тетово, со Предлог-решение

12. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Емка компани, Тетово, со Предлог-решение

13. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Шумски фенери, Битола, со Предлог-решение

14. Информација за давање на согласност за распишување на Јавен оглас бр.01/22 за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини до 3 хектари, со Предлог-одлука и Предлог-решение

15. Информација за давање на согласност за распишување на Јавен оглас бр.02/22 за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини до три хектари, со Предлог-одлука и Предлог-решение

16. Информација за давање на согласност за распишување на Јавен оглас бр.03/22 за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини до три хектари, со Предлог-одлука и Предлог-решение

17. Информација за давање на согласност за распишување на Јавен оглас бр.04/22 за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини до три хектари, со Предлог-одлука и Предлог-решение

18. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со ДГПТУ Ворлд Бусинесс ДОО, ул. Васил Главинов бр.3 Скопје, со Предлог- одлука

19. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштво за произвотсво, трговија и услуги К.М Компани Марсел ДООЕЛ, ул. Маршал Тито бр.1-Нов Дојран, со Предлог-одлука

20. Информација за барање за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за поврат на средства кон Европска комисија заради затворање на салдо на девизна сметка за ИПА Компонента 4-Развој на човечки ресурси, со Предлог-одлука

21. Предлог-одлука за времетраењето на јавниот повик и бројот на јавни повици за пријавување на граѓани за добивање субвенциониран станбен кредит во 2022 година

22. Предлог-решение за формирање на Комисија за следење на развојот на системот за финансирање на општините

23. Информација во врска со одземањето на Лиценцата за приредување на игри на среќа во обложувалница издадена на Друштвото за трговија и услуги „Тотал про спорт“ ДООЕЛ Скопје бр.44-12105/1 од 22.12.2020 година, со Предлог-одлука

24. Информација за издавање на Писмо без приговор (no objection letter) за вклучување на Република Северна Македонија во Предлог-програма за развој на енергетска ефикасност во згради преку Зелениот климатски фонд

25. Информација за спроведувањето на Планот на активности за ажурирање на податоците кои се клучни за опсервациите дадени во Извештајот од прегледот спроведен од Црна Гора и Република Молдавија за имплементација на членовите 5-14 и 51-59 од Конвенцијата на Обединетите нации против корупцијата за циклусот на преглед 2016-2021 година и за надминување на предизвиците идентификувани во рамки на вториот циклус на преглед на имплементацијата на Конвенцијата, 2021-2024 година, со усогласен текст на Планот на активности

26. Информација за почеток на Стратешки дијалог меѓу Република Северна Македонија и Соединетите Американски Држави

27. Извештај за завршени преговори за усогласување на Договорот за техничка соработка меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Јапонија, со усогласен текст на Договор

28. Информација за изработка на предлог-уредба за мерките и активностите за криптографска безбедност

29. Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерството за одбрана (КП бр.892 КО Берово)

30. Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за одбрана (КП бр.1738/1, КО Ѓорче Петров 1-Ново Село)

31. Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за одбрана (КП бр.911/2 КО Кратово)

32. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Црвениот крст на Република Северна Македонија (војнички ќебиња)

33. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Националната федерација за спорт и рекреација на инвалидите на Северна Македонија-Параолимписки комитет на Северна Македонија

34. Предлог-одлука за престанок и за давање на времено користење на недвижна ствар на Здружението на ловци „Потполошка“-с. Петровец, Петровец

35. Информација за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „Anatolian Phoenix 22“ („Анадолски феникс 22“) во Република Турција, со Предлог-одлука

36. Информација за подготовка на Осумнаесеттиот состанок на Поткомитетот за земјоделство и рибарство на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Република Северна Македонија и Европската Унија, што ќе се одржи на 17.5.2022 година

37. Информација со Акциски план за проектот „Бесплатна вакцинација против грип за сезона 2022/2023 година за ризични групи“

38. Информација за прогресот и решавање на проблемот со лицата неевидентирани во матична книга на родени

39. Информација за спроведување на повеќегодишна групна јавна набавка за изведување на градежни работи за доградба на објект за детска градинка во Општина Гевгелија

40. Информација за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Правна реторика и аргументација“ на Правниот факултет „Јустинијан Први“-Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог-решение

41. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Ѓорче Петров (Интерактивна табла/ЛЦД проектор, за потребите на ООУ „Димитар Поп Георгиев-Беровски“)

42. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Демир Хисар (интерактивни табли и ЛЦД проектори за потребите на ООУ „Браќа Миладиновци“ с. Жван)

43. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Демир Хисар (интерактивни табли и ЛЦД проектори, за потребите на ООУ „Гоце Делчев“, Демир Хисар)

44. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Могила (интерактивна табла и ЛЦД проектор за потребите на ОУ „Кочо Рацин“ с.Ивањевци)

45. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Могила (интерактивни табли/ЛЦД проектори за потребите на ОУ „Браќа Миладиновци“ с.Добрушево)

46. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Брвеница (интерактивни табли и ЛЦД проектори за потребите на ОУ „7 Марси“ с.Челопек)

47. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Брвеница (интерактивни табли и ЛЦД проектори, за потребите на ОУ „Коста Рацин“ с.Брвеница)

48. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Брвеница (Интерактивна табла/ЛЦД проектор за потребите на ОУ „Гоце Делчев“ с. Стенче)

49. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Босилово (интерактивни табли/ЛЦД проектори за потребите на ООУ „Св. Кирил и Методиј“ с. Иловица)

50. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Босилово (интерактивни табли и ЛЦД проектори за потребите на ООУ „Гоце Делчев“ с.Босилово)

51. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Василево (Интерактивна табла/ЛЦД проектор, за потребите на ООУ „Гоце Делчев“)

52. Предлог на закон за изменување на Законот за работните односи, поднесен од пратениците Димитар Апасиев и Борислав Крмов

53. Годишен извештај за работата на Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радио-телевизија за 2021 година

54. Годишен извештај за работа на Агенцијата за електронски комуникации за 2021 година

55. Годишен извештај за работата на Државната комисија за спречување на корупцијата за 2021 година

56. Извештај за работата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2021 година

57. Барање за давање на автентично толкување на член 45 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија бр.32/20), поднесено од градоначалникот на Општина Неготино

58. Решение У.бр.148/2021 и У.бр.15/2022 од 29 март 2022 година, за поведување на постапка за оценување на уставноста на членот 12 од Законот за утврдување на јавен интерес и номинирање на стратешки партнер за имплементација на Проектот за изградба на инфраструктурниот Коридор 8 (делница: Тетово-Гостивар-Букојчани и Проектот за Автопатот Требеништа-Струга-Ќафасан) и Коридорот 10 д (делница на Автопатот Прилеп-Битола) во Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.163/21)

59. Понуда од нотар Махир Зибери од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.5147, за КО Ѓорче Петров 3-Дексион, на КП бр.4343, викано место/улица П.Гиновски

60. Понуда од нотар Васко Паскали од Охрид, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист број 90441, за КО Охрид 4, на КП број 4306/13, КП бр. 4313/2, КП број 4314/2 и КП број 4315/2, викано место/улица Видобишта

61. Понуда од нотар Васко Паскали од Охрид, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист број 101407 и Имотен лист број 101856 за КО Охрид 4, на КП бр.5310/1, викано место/улица Град

62. Понуда од нотар Васко Паскали од Охрид, за размена на недвижен имот со Имотен лист бр.13987, за КО Охрид 2, на КП бр.12033, викано место/улица Никола Карев бр.43

63. Кадровски прашања

64. Прашања и предлози

65. Извештај за реализација на Годишната програма за финансирање на железничката инфраструктура за 2021 година, со дополнување

66. Информација за извршениот скрининг за висината на бодот на јавните претпријатија со водостопанска дејност за најниската и највисоката исплатена плата, бројот на бодови и висината на истите (минимум и максимум), надоместоци на членови на управни и надзорни одбори и менаџерски договори

67. Информација за статусот на реализација на средствата од програмите за прекугранична и транснационална соработка кои се спроведуваат во рамките на инструментот за претпристапна помош, ИПА II-Прекугранична соработка, за периодот јануари-јуни 2021 година

68. Информација за потреба од прераспределба на средства од заемот од Европската банка за обнова и развој број 44175 од 5.12.2014 година наменет за изградба од железничката делница Бељаковце-Крива Паланка

69. Предлог-одлука за дополнување на Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година, наменети за Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД-Скопје

70. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/582 на Советот од 8 април 2022 година за изменување на Одлуката 2014/145/ЗНБП за рестриктивни мерки во однос на дејствијата кои го поткопуваат или загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитет и независноста на Украина

71. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/578 на Советот од 8 април 2022 година за изменување на Одлуката 2014/512/ЗНБП за рестриктивни мерки во поглед на дејствијата на Русија за дестабилизирање на состојбата во Украина

72. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/579 на Советот од 8 април 2022 година за изменување на Одлуката 2012/642/ЗНБП за рестриктивни мерки во поглед на состојбата во Белорусија и вклученоста на Белорусија во руската агресија врз Украина

73. Информација за потреба од спроведување набавки за реконструкција на поранешниот објект на Комерцијална банка и за вршење на стручен надзор над реконструкцијата на поранешниот објект на Комерцијална банка од страна на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија

74. Предлог на закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на ТЕН-Т проектот за автопат од Скопје до границата со Косово, кој ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и Јавното претпријатие за државни патишта, по скратена постапка

75. Предлог на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем за финансирање на Регионалниот проект за цврст отпад, по скратена постапка

*

*       *

Владата без забелешки го усвои Записникот од 43-та седница на Владата, одржана на 3 мај 2022 година.

*

*       *

- **Статус на реализација на капиталните расходи во Буџетот на Република Северна Македонија**

Министерот за финансии, д-р Фатмир Бесими ги информираше членовите на Владата за степенот на реализација на капиталните инвестиции.

*

*       *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го разгледа и го усвои најновиот текст на Информацијата во врска со потребата од продолжување на рокот за повлекување на средства и рокот за отплата на заемот од КфВ Развојна банка (согласно Договорот за заем од 13.12.2018 година), со цел реализација на проектот „Парк на ветерни електрани Богданци-Фаза II".

**Точка 2**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со можноста за потенцијална соработка на Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје со Француската агенција за развој (АФД) и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се препорачува на Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје, веднаш да подготви и достави допис до Француската агенција за развој (АФД), со кој ќе се согласи да започне процесот за избор на консултант за изработка на физибилити студија за истражување на пазарот и подетално утврдување на можностите и условите за обезбедување на потенцијална кредитна линија од Француската агенција за развој (АФД).

2. Се препорачува на Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје, веднаш по ангажирањето на консултантот од Француската агенција за развој (АФД), да побара во рамки на физибилити студијата да се разработат најмалку следните три варијанти:

–Доделување заем на Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје без државна гаранција,

–Доделување заем на Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје обезбеден со државна гаранција и

–Доделување заем на Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје обезбеден со гаранција од новиот инструмент Western Balkans Guarantee Facility (EFSD+).

3. Се препорачува на Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје, веднаш по завршување на изработката на физибилити студијата, да подготви и достави информација до Владата по однос на резултатите и препораките на физибилити студијата.

4. Се препорачува на Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје, доколку има потреба, во соработка со Министерството за финансии, да ја испита можноста за обезбедување на кредитна линија и од други извори на финансирање, односно и од други меѓународни финансиски институции и билатерални кредитори.

**Точка 3**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за потребата од престанок на користење и давање на трајно користење на движни ствари без надомест во државна сопственост, со Предлог-одлуки, ја усвои Информацијата и ги донесе:

1. Новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за локална самоуправа-Биро за регионален развој, во предложениот текст.

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Агенција за стоковни резерви, во предложениот текст.

3. Новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Акционерско друштво ,,Медиумска информативна агенција“ АД Скопје, во државна сопственост, во предложениот текст.

4. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Уставниот суд на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

5. Новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавна научна установа Институт за духовно и културно наследство на Албанците-Скопје, во предложениот текст.

**Точка 4**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Информацијата во врска со изготвената Физибилити студија и можноста за воспоставување на јавно приватно партнерство за проектирање, финансирање, изградба, управување и одржување на технолошко-индустриска развојна зона Гевгелија, со Предлог-одлука поради потребата предлагачот да го усогласи материјалот со Министерството за економија и претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 5**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за продажба на одземен недвижен имот на прво јавно наддавање (запишан во Имотен лист 19058, КП 2424 КО

Центар 2) со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за продажба на одземен недвижен имот, во предложениот текст.

**Точка 6**

Владата ја симна од Дневен ред Информацијата за потребите и План на активности заради зголемување на ефикасноста на системот за заштита и спасување во справување со пожарите во претстојната сезона 2022 година, поради потребата материјалот претходно да се разгледа на седница на Управувачки комитет за координација и управување во системот за управување со кризи.

**Точка 7**

Владата ја одложи од разгледување Предлог-одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности, поради потребата да биде доставено ново известување од Општина Куманово дека за недвижната ствар која е предмет на запишување не се води постапка за утврдување на правен статус на бесправно изграден објект.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за политички систем.

**Точка 8**

Владата го донесе новиот текст на Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 9**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за дополнување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 10**

Владата на предлог на предлагачот ја одложи од разгледување Информацијата во врска со усвојување на Националниот план за енергија и клима на Република Северна Македонија за наредната седница на Владата.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 11**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Тиволи, Тетово, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди), во предложениот текст.

**Точка 12**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Емка компани, Тетово, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди), во предложениот текст.

## Точка 13

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Шумски фенери, Битола, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди), во предложениот текст.

## Точка 14

Владата го разгледа новиот текст на Информација за давање на согласност за распишување на Јавен оглас бр.01/22 за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини до 3 хектари, со Предлог-одлука и Предлог-решение, ја усвои Информацијата и ги донесе:

1. Одлуката за давање на согласност на Јавен оглас за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини до 3 хектари, во предложениот текст.

2. Решението за формирање на Комисија за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини до 3 хектари, во предложениот текст.

*

*  *

Материјалот повторно е разгледан на Четириесет и осмата седница на Владата, одржана на 25 мај 2022 година (Точка 3).

## Точка 15

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за распишување на Јавен оглас бр.02/22 за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини до три хектари, со Предлог-одлука и Предлог-решение и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање на согласност на Јавен оглас за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини до три хектари, во предложениот текст.

2. Го донесе Решението за формирање на Комисија за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини до три хектари, во предложениот текст.

## Точка 16

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за распишување на Јавен оглас бр.03/22 за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини до три хектари, со Предлог-одлука и Предлог-решение и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање на согласност на Јавен оглас за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини до три хектари, во предложениот текст.

2. Го донесе Решението за формирање на Комисија за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини до три хектари, во предложениот текст.

**Точка 17**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за распишување на Јавен оглас бр.04/22 за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини до три хектари, со Предлог-одлука и Предлог-решение и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност на Јавен оглас за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини до три хектари, во предложениот текст.

2. Го донесе новиот текст на Решението за формирање на Комисија за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини до три хектари, во предложениот текст.

*

*        *

Материјалот повторно е разгледан на Четириесет и осмата седница на Владата, одржана на 25 мај 2022 година (Точка 4).

**Точка 18**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со ДГПТУ Ворлд Бусинесс ДОО, ул. Васил Главинов бр.3  Скопје со Предлог- одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

**Точка 19**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштво за произвотсво, трговија и услуги К.М Компани Марсел ДООЕЛ, ул. Маршал Тито бр.1-Нов Дојран, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

**Точка 20**

Владата ја разгледа Информацијата за барање за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за поврат на средства кон Европска комисија заради затворање на салдо на девизна сметка за ИПА Компонента 4-Развој на човечки ресурси, со Предлог-одлука и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година, во предложениот текст.

2. Се задолжува Секторот за централно финансирање и склучување договори при Министерството за финансии веднаш штом ќе се реализираат повратите од корисниците, средствата да ги уплати во националниот буџет.

**Точка 21**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за времетраењето на јавниот повик и бројот на јавни повици за пријавување на граѓани за добивање субвенциониран станбен кредит во 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 22**

Владата го донесе Решението за формирање на Комисија за следење на развојот на системот за финансирање на општините, во предложениот текст.

**Точка 23**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со одземањето на Лиценцата за приредување на игри на среќа во обложувалница издадена на Друштвото за трговија и услуги „Тотал про спорт“ ДООЕЛ Скопје бр.44-12105/1 од 22.12.2020 година, со Предлог-одлука и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за одземање на Лиценцата за приредување на игри на среќа во обложувалница издадена на Друштвото за трговија и услуги „Тотал про спорт“ ДООЕЛ Скопје, во предложениот текст.

2. Се задолжува Управата за јавни приходи да иницира соодветна постапка пред органите на истрага, во однос на незаконитостите во работењето на Друштвото за трговија и услуги „Тотал про спорт“ ДООЕЛ Скопје.

**Точка 24**

Владата ја разгледа Информацијата за издавање на Писмо без приговор (no objection letter) за вклучување на Република Северна Македонија во Предлог-програма за развој на енергетска ефикасност во згради преку Зелениот климатски фонд и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го овласти заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Фатмир Битиќи, како национално назначен претставник за комуникација со Зелениот климатски фонд, односно Focal point, да го потпише Писмото без приговор или No objection letter за вклучување на Република Северна Македонија во Предлог-програма за развој на енергетска ефиксаност во згради преку Зелениот климатски фонд.

2. Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација на економските ресори и инвестиции, да го достави Писмото без приговор или No objection letter до Зелениот климатски фонд и до Агенцијата за развој на Франција.

## Точка 25

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за спроведувањето на Планот на активности за ажурирање на податоците кои се клучни за опсервациите дадени во Извештајот од прегледот спроведен од Црна Гора и Република Молдавија за имплементација на членовите 5-14 и 51-59 од Конвенцијата на Обединетите нации против корупцијата за циклусот на преглед 2016-2021 година и за надминување на предизвиците идентификувани во рамки на вториот циклус на преглед на имплементацијата на Конвенцијата, 2021-2024 година, со усогласен текст на Планот на активности и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата задолжен за политики на добро владеење и Министерството за правда да го следат спроведувањето на Планот на активности за ажурирање на податоците кои се клучни за опсервациите дадени во Извештајот од прегледот спроведен од Црна Гора и Република Молдавија за имплементација на членовите 5-14 и 51-59 од Конвенцијата на Обединетите нации против корупцијата за циклусот на преглед 2016-2021 година и за надминување на предизвиците идентификувани во рамки на вториот циклус на преглед на имплементацијата на Конвенцијата, 2021-2024 година, и да ги спроведат во утврдените рокови мерките и активностите предвидени во нивна надлежност со истиот.

2. Се задолжуваат Министерството за внатрешни работи, Министерството за финансии, Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за економија, Министерството за здравство и Министерството за образование и наука да го следат спроведувањето на мерките и активностите од надлежност на органите во нивен состав предвидени во Планот на активности за ажурирање на податоците кои се клучни за опсервациите дадени во Извештајот од прегледот спроведен од Црна Гора и Република Молдавија за имплементација на членовите 5-14 и 51-59 од Конвенцијата на Обединетите нации против корупцијата за циклусот на преглед 2016-2021 година и за надминување на предизвиците идентификувани во рамки на вториот циклус на преглед на имплементацијата на Конвенцијата, 2021-2024 година и најдоцна до 10 јули 2022 година до Министерството за правда да достават информации за спроведувањето, односно причините за неспроведувањето на мерките и активностите од нивна надлежност предвидени со Планот на активности, за периодот од 1 март до 30 јуни 2022 година.

3. Се задолжува Министерството за правда да подготви и до 31 јули 2022 година до Владата да достави информација за спроведувањето на Планот на активности за ажурирање на податоците кои се клучни за опсервациите дадени во Извештајот од прегледот спроведен од Црна Гора и Република Молдавија за имплементација на членовите 5-14 и 51-59 од Конвенцијата на Обединетите нации против корупцијата за циклусот на преглед 2016-2021 година и за надминување на предизвиците идентификувани во рамки на вториот циклус на преглед на имплементацијата на Конвенцијата, 2021-2024 година.

**Точка 26**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за почеток на Стратешки дијалог меѓу Република Северна Македонија и Соединетите Американски Држави и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се определува д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, во име на Владата на Република Северна Македонија, да го координира процесот на Стратешкиот дијалог меѓу Република Северна Македонија и Соединетите Американски Држави и да ја предводи делегацијата на Владата на Република Северна Македонија на отворањето на процесот во Вашингтон, на 2 јуни 2022 година, во чиј состав ќе бидат и Славјанка Петровска, министер за одбрана, м-р Крешник Бектеши, министер за економија и доц. д-р Бисера Костадиновска, министер за култура.

2. Се задолжува Министерството за надворешни работи, во координација со американската страна, при утврдување на темите и областите на Стратешкиот дијалог меѓу Република Северна Македонија и Соединетите Американски Држави, да ја утврди потребата за вклучување на претставници од други релевантни институции кои директно ќе работат на содржината на дијалогот и кои ќе влезат во составот на делегацијата во Вашингтон.

3. Се задолжуваат заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за политики на добро владеење, Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи, Министерството за правда, Министерството за финансии, Министерството за економија, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за транспорт и врски, Министерството за образование и наука, Министерството за култура, Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за локална самоуправа, Секретаријатот за европски прашања, Агенцијата за национална безбедност и Агенцијата за разузнавање, во рок од два дена, да номинираат и до Министерството за надворешни работи да достават претставници во Меѓуресорската работна група за стратешкиот дијалог меѓу Република Северна Македонија и Соединетите Американски Држави, предводена од Министерството за надворешни работи, со цел итна подготовка на материјали, предлози и барања кои ќе бидат презентирани на американската страна во Вашингтон.

4. Се задолжуваат заменикот на претседателот на Владата, задолжен за политики на добро владеење, Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи, Министерството за правда, Министерството за финансии, Министерството за економија, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за транспорт и врски, Министерството за образование и наука, Министерството за култура, Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за локална самоуправа, Секретаријатот за европски прашања, Агенцијата за национална безбедност и Агенцијата за разузнавање, да изготват материјали кои се однесуваат на идната соработка со Соединетите Американски Држави од областите за кои се надлежни и кои се наведени во Прилогот и најдоцна до 20 мај да ги достават до Министерството за надворешни работи.

**Точка 27**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Извештајот за завршени преговори за усогласување на Договорот за техничка соработка меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Јапонија, со усогласен текст на Договор, поради потребата од дополнително усогласување на текстот на Договорот со Министерството за финансии.

**Точка 28**

Владата, го разгледа новиот текст на Информацијата за изработка на предлог-уредба за мерките и активностите за криптографска безбедност, ја усвои Информацијата и притоа заклучи:

1. Се задолжуваат Министерството за внатрешни работи, Министерството за надворешни работи, Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации, Центарот за управување со кризи, Агенцијата за национална безбедност, а се укажува на Агенцијата за разузнавање и Оперативно- техничката агенција, во рок од три дена, до Министерството за одбрана да достават номинација на членови на Работната група за изработка на предлог-уредба за мерките и активностите за криптографска безбедност, кои задолжително треба да имаат важечки сертификат за пристап до класифицирани информации со степен „државна тајна“.

2. Се задолжува Министерството за одбрана, во рок од три дена од денот на добивање на номинациите на членови на Работната група, да формира Работна група за изработка на предлог-уредбата за мерките и активностите за криптографска безбедност.

3. Се задолжува Министерството за одбрана, предлог-уредбата за мерките и активностите за криптографска безбедност, да ја достави до Владата, најдоцна до крајот на ноември 2022 година.

**Точка 29**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерството за одбрана (КП бр.892 КО Берово), во предложениот текст.

**Точка 30**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за одбрана (КП бр.1738/1, КО Ѓорче Петров 1-Ново Село), во предложениот текст.

**Точка 31**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за одбрана (КП бр.911/2 КО Кратово), во предложениот текст.

**Точка 32**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Црвениот крст на Република Северна Македонија (војнички ќебиња), во предложениот текст.

**Точка 33**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Националната федерација за спорт и рекреација на инвалидите на Северна Македонија-Параолимписки комитет на Северна Македонија, во предложениот текст.

**Точка 34**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на времено користење на недвижна ствар на Здружението на ловци „Потполошка"-с. Петровец, Петровец, во предложениот текст.

**Точка 35**

Владата ја разгледа Информацијата за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „Anatolian Phoenix 22" („Анадолски феникс 22") во Република Турција, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „Anatolian Phoenix 22" („Анадолски феникс 22") во Република Турција, во предложениот текст.

**Точка 36**

Владата ја разгледа Информацијата за подготовка на Осумнаесеттиот состанок на Поткомитетот за земјоделство и рибарство на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Република Северна Македонија и Европската Унија, што ќе се одржи на 17.5.2022 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се назначува Живко Брајковски, од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, за копретседавач на Поткомитетот за земјоделство и рибарство.

2. Се задолжува копретседавачот на Поткомитетот за земјоделство и рибарство Живко Брајковски, во соработка со Секретаријатот за европски прашања, да ја утврди финалната листа на учесници на состанокот на Поткомитетот и истата да ја достави до Европската комисија преку Секретаријатот за европски прашања, веднаш.

3. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања, добиените пишани материјали на англиски јазик, согласно точките на Дневниот ред на состанокот на Поткомитетот за земјоделство и рибарство, да ги достави до службите на Европската комисија веднаш по усвојувањето од страна на Владата.

**Точка 37**

Владата ја разгледа Информацијата со Акциски план за проектот „Бесплатна вакцинација против грип за сезона 2022/2023 година за ризични групи" и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Го прифати новиот текст на Акцискиот план за проектот „Бесплатна вакцинација против грип за сезона 2022/2023 година за ризични групи".

2. Се задолжува Министерството за здравство на секои шест месеци до Владата да доставува информација за прогресот на активностите од Акцискиот план за проектот

„Бесплатна вакцинација против грип за сезона 2022/2023 година за ризични групи“, се до конечна реализација.

**Точка 38**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за прогресот и решавање на проблемот со лицата неевидентирани во матична книга на родени и притоа ги донесе следниве заклучоци:

1. Се задолжува Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија до Владата и до Министерството за труд и социјална политика да достави мислење по Информацијата.

2. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика да направи координативен состанок со надлежните институции со цел да се изнајде прифатливо решение за проблемот со лицата неевидентирани во матична книга на родени и за истото да достави информација на втората наредна редовна седница на Владата.

**Точка 39**

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување на повеќегодишна групна јавна набавка за изведување на градежни работи за доградба на објект за детска градинка во Општина Гевгелија и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Врз основа на претходно издадено позитивно мислење од Министерството за финансии, даде одобрение на Министерството за труд и социјална политика за отпочнување на постапка за доделување на повеќегодишен договор за јавна набавка за изведување на градежни работи за доградба на објект за детска градинка во Општина Гевгелија со плаќање на времени-месечни ситуации во период од две години, со следнава динамика:

-2022 година-10.000.000,00 денари на сметка 637, програма 3А, расходна ставка 481 без вклучен ДДВ, односно 11.800.000,00 денари со вклучен ДДВ,
-2023 година-31.827.779,00 денари на сметка 637, програма 3А, расходна ставка 481 без вклучен ДДВ, односно 37.556.779,00 денари со вклучен ДДВ.

2. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика, по добиено одобрение од Владата на Република Северна Македонија да спроведе постапка за повеќегодишна групна јавна набавка за изведување на градежни работи за доградба на објект за детска градинка во Општина Гевгелија со плаќање на времени-месечни ситуации во период од две години со следнава динамика :
-2022 година-10.000.000,00 денари на сметка 637, програма 3А, расходна ставка 481 без вклучен ДДВ, односно 11.800.000,00 денари со вклучен ДДВ,
-2023 година-31.827.779,00 денари на сметка 637, програма 3А, расходна ставка 481 без вклучен ДДВ, односно 37.556.779,00 денари со вклучен ДДВ.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да го има предвид укажувањето на Министерството за финансии во смисла потребните финансиски средства за наредните години да бидат обезбедени во рамките на максималните износи на расходи за соодветните фискални години.

**Точка 40**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Правна реторика и аргументација“ на Правниот факултет „Јустинијан Први“-Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Правна реторика и аргументација“ на Правниот факултет „Јустинијан Први“-Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во предложениот текст.

**Точка 41**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Ѓорче Петров (Интерактивна табла/ЛЦД проектор, за потребите на ООУ „Димитар Поп Георгиев-Беровски“), во предложениот текст.

**Точка 42**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Демир Хисар (интерактивни табли и ЛЦД проектори за потребите на ООУ „Браќа Миладиновци“ с. Жван), во предложениот текст.

**Точка 43**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Демир Хисар (интерактивни табли и ЛЦД проектори, за потребите на ООУ „Гоце Делчев“, Демир Хисар), во предложениот текст.

**Точка 44**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Могила (интерактивна табла и ЛЦД проектор за потребите на ОУ „Кочо Рацин“ с.Ивањевци), во предложениот текст.

**Точка 45**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Могила (интерактивни табли/ЛЦД проектори за потребите на ОУ „Браќа Миладиновци“ с.Добрушево), во предложениот текст.

**Точка 46**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Брвеница (интерактивни табли и ЛЦД проектори за потребите на ОУ „7 Марси“ с.Челопек), во предложениот текст.

**Точка 47**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Брвеница (интерактивни табли и ЛЦД проектори, за потребите на ОУ „Коста Рацин“ с.Брвеница), во предложениот текст.

## Точка 48

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Брвеница (Интерактивна табла/ЛЦД проектор за потребите на ОУ „Гоце Делчев“ с. Стенче), во предложениот текст.

## Точка 49

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Босилово (интерактивни табли/ЛЦД проектори за потребите на ООУ „Св. Кирил и Методиј“ с. Иловица), во предложениот текст.

## Точка 50

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Босилово (интерактивни табли и ЛЦД проектори за потребите на ООУ „Гоце Делчев“ с.Босилово), во предложениот текст.

## Точка 51

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Василево (Интерактивна табла/ЛЦД проектор, за потребите на ООУ „Гоце Делчев“), во предложениот текст.

## Точка 52

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за работните односи, поднесен од пратениците Димитар Апасиев и Борислав Крмов и притоа го утврди следново мислење:

Со Предлогот на закон за изменување на Законот за работните односи, со членот 1 се бара изменување на постојниот член 46 и истиот да гласи:

„ Член 46

(1)Договор за вработување може да се склучи на определено време за вршење на работи кои по својата природа траат определено време, со прекин или без прекин до шест месеци.

Работниот однос заснован со договор за вработување на определено време се трансформира во работен однос на неопределено време, ако работникот продолжи да работи по истекот од рокот од став (1) од овој член.

(2)По исклучок од ставовите (1) и (2) на овој член, договор за вработување на определено време за замена на привремено отсутен работник поради боледување, бременост, раѓање и родителство, може да се склучи до враќање на отсутниот работник. “.

Со членот 2 се бара да се смени членот 47 став (1) со што зборот „осум“ треба да се замени со зборот „пет“.

Со членот 3 од Предлогот на закон се бара да се смени членот 60 став (2), каде зборот „четири“ ќе се замени со зборот „два“.

Со членот 4 во Предлогот на закон се бара законите и општите колективни договори да се усогласат со измените во овој закон во рок од три месеци од неговото влегување во сила, а колективните договори на ниво на гранка, оддел и работодавач, во рок од три месеци од денот на потпишувањето на општите колективни договори.

Во однос на членот 1 кој се однесува на постојниот член 46 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18 и („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/19, 267/20, 151/21 и 288/21), кој ги регулира договорите на определено време, укажуваме дека во тек е подготовка на нов закон за работните односи, во која членови на работната група се и претставници на синдикатите и претставници на здруженијата на работодавачи и во работната верзија на истиот веќе е постигната согласност за уредување на договорите на определено време на поповолен начин за работниците. Имено, во новиот текст на законот значително е намален вкупниот период за ангажирање на работници на определено време кај ист работодавач. Понатаму, во тој период, прекинот помеѓу два последователни договори кој е пократок од два месеци нема да се смета за прекин, а работодавачот ќе биде ограничен, во максималниот период на траење на договорите на определено време, со бројот на договори на определено време што може да ги склучи. Договорот кој ќе го склучи по надминувањето на бројот на договори или по надминувањето на периодот на траење на договорот на определено време ќе се зголеми сигурноста на работното место, ќе биде на неопределено време. Со ваквите новини кај договорите на определено време, ќе се постигне подобрување на положбата во која се наоѓаат овие работници.

Во однос на трансформирањето на договорот за вработување од определено на неопределено време, постојното законско решение ги опфаќа реалните состојби на пазарот на трудот и неговата трансформација може да биде од две години до најмногу пет години во зависност од видот на работата, основот за склучување на договорот на неопределено време, и во однос на тоа дали се работи за дејност од јавниот или од приватниот сектор. Според acquis законодавството институтот трансформација од договор на определено во договор на неопределено време е во маргини од три до пет години и во таа насока, целосно трансформирање ќе содржи новиот закон за работните односи кој е во завршна фаза на подготовка. Но, и постојното законско решение многу не отстапува од решението во acquis и сметаме дека предлогот за трансформација после шест месеци е крајно отежнувачки за работодавачите, имајќи ја предвид суштината и генезата на договорот за вработување на определено време.

Во контекст на новиот текст на Законот за работните односи, се внесуваат новини и при регулирањето на сезонската работа, особено кај оние повторливи сезонски работи, кај работодавач кој претежно работи сезонски работи и има потреба од сезонски работници на редовна основа. За таа цел, со новото решение му се дава можност на работодавачот, преку уплаќање на придонеси и во периодот на меѓу-сезоната, овие работници да му бидат на располагање и за наредната сезона, а на сезонските работници, освен постојано социјално осигурување им се овозможува извесност во работењето. При уредувањето на овие одредби, од особено значење беше придонесот на синдикатите од секторите во коишто најмногу се организираат сезонски работници.

Во однос на предлогот од членот 3 со кој се бара измена на членот 60 став (2) и намалување на времетраењето на пробната работа, потсетуваме дека со измените на Законот за работни односи, направени во 2018 година, веќе беше намалена пробната работа од шест месеци на актуелните четири месеци. Натамошното намалување на

времетраењето на пробната работа, сметаме дека ќе доведе до губење на суштината на пробната работа, а тоа е  работодавачот да има доволно време да утврди дали работникот може да ја работи работата за којашто е склучен договорот за вработување или не.

Во однос на предложениот член 4 од Законот со кој се бара усогласување на општите колективни договори со предложените измени, а сходно на тоа и усогласување на пониските колективни договори и договорите за вработување со општите колективни договори, би следувале, доколку се прифатат предложените измени.

Се истакнува дека сите предлози за изменување и дополнување на Законот за работните односи се разгледуваат со должно внимание и секој придонес во оваа насока е добредојден.

Врз основа на наведеното, а имајќи предвид дека Законот за работните односи го засега секој работник во државата и од таа причина одредбите што ја регулираат оваа област треба да се резултат на претходни анализи, како и консултации со претставниците на засегнатите страни, Владата на Република Северна Македонија  му предлага на Собранието на Република  Северна Македонија да не го донесе Законот за изменување на Законот за работните односи, поднесен од  пратениците Димитар Апасиев и Борислав Крмов.

**Точка 53**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радио-телевизија за 2021 година и притоа го утврди следното мислење:

Согласно член 106 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/13, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20 и 77/21), Јавното радиодифузно претпријатие Македонската радиотелевизија е должна да донесе Годишен извештај за работа за претходната година која го доставува до Собранието на Република Северна Македонија на разгледување најдоцна до 31 март во тековната година и истиот треба да содржи: Извештај за реализација на Програмата за работа од претходната година, Финансиски извештај за реализација на финансискиот план од претходната година и Годишна сметка со податоци за реализирани приходи, расходи, побарувања и обврски од претходната година, групирани по структура и по организациона структура на Јавното радиодифузно претпријатие Македонската радио-телевизија, потоа Ревизорски извештај од независен овластен ревизор и Ревизорски извештај од Државниот завод за ревизија, доколку е извршена ревизија од него, како и ставот на Јавното радиодифузно претпријатие Македонската радио-телевизија во однос на резултатите од извршената ревизија. Според став 6 од овој член, во прилог на Годишниот извештај за работа на Македонската радио-телевизија за претходната година се доставува и усвоената Годишна програма за работа на Јавното радиодифузно претпријатие Македонската радио-телевизија за претходната година.

Во последниот Извештај на Европската Унија за напредокот на земјата, се наведува дека „треба да се зајакнат независноста, капацитетот и одржливоста на јавниот радиодифузер,“  како и дека „опстојуваат предизвиците поврзани со модернизацијата на работните постапки и техничката опрема“.

Врз основа на ова, јавниот радиодифузен сервис континуирано треба да продолжи со започнатите реформи за остварување на целосна уредувачка независност, преку зајакнување на професионалните и кадровските капацитети, а притоа земајќи ја предвид и улогата на јавноста, која треба да биде навремено, објективно и точно информирана.

Јавното радиодифузно претпријатие Македонската радиотелевизија, треба проактивно да продолжи со реформите, како што се:
- Почитување на професионалните и етички новинарски стандарди преку целосна имплементација на членот 111 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,
- Обезбедување отчетност спрема јавноста т.е обезбедување на механизам за жалби и реакции од јавноста во однос на почитување на професионалните и етичките стандарди во емитуваните програми,
- Обезбедување континуирани обуки и едукација на медиумските работници.

Согласно Извештајот, заклучно со 31.12.2021 година, Јавното претпријатие има прикажано приходи во вкупен износ од 979.562.421 денари, што претставува намалување од 3,2% споредено со износот на приходи остварен во 2020 година. Во вкупниот износ на приходи, најзначаен дел претставуваат приходите од Буџетот на Република Северна Македонија, наменети за финансирање на радиодифузната дејност, кои во 2021 година се утврдени на износ од 826.950.000 денари.

На страната на расходи, претпријатието има прикажано износ од 985.415.985 денари (износ без инвестиции), односно 987.303.835 денари (износ со инвестиции), при што крајниот финансиски резултат е негативен и изнесува 5.853.564 денари.

Во вкупно прикажаниот износ на расходи, повисоки износи претставуваат расходите за вработени (464.771.428 денари), расходите за програмски права (276.517.415 денари) и трошоци за амортизација (62.450.834 денари).

На крајот од извештајниот период износот на вкупните побарувања од купувачи во земјата и странство изнесува 13.030.827 денари, а вкупните обврски на Јавното претпријатие се утврдени на износ од 576.231.307 денари.

Во прилог на материјалот е доставен Извештај на независен ревизор, во кој со посебно внимание се нагласени прашањата поврзани со евидентирањето и користењето на земјиште и градежни објекти, како и прашање поврзано со евидентирање на основната главнина на истото. Во однос на наведеното, потребно е надлежните органи на претпријатието да го известат основачот за преземените активности, согласно забелешките на ревизорот.

Имајќи ги предвид финансиските показатели за работењето на претпријатието за 2021 година, Владата на Република Северна Македонија дава негативно мислење по однос на Годишниот извештај за работата на Јавното радиодифузно претпријатие Македонската радио-телевизија за 2021 година.

**Точка 54**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работа на Агенцијата за електронски комуникации за 2021 година и притоа го утврди следново мислење:

Годишниот извештај се доставува во функција на исполнување на обврската утврдена во член 11 ставови (1) и (2) од Законот за електронските комуникации („Службен

весник на Република Македонија“ бр. 39/14, 188/14, 44/15, 193/15, 11/18 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19, 153/19 и 92/21), во кои е утврдено дека Агенцијата за електронски комуникации за својата работа дава отчет пред Собранието на Република Северна Македонија со доставување на извештај за својата работа, а извештајот од ставот (1) на овој член Агенцијата е должна да го достави до Собранието на Република Северна Македонија на разгледување најдоцна до 31 март во тековната година.

Согласно ставовите 3) од овој член, Извештајот од ставот (1) на овој член содржи: а) Годишен извештај за работа на Агенцијата за претходната година и б) Годишна програма за работа на Агенцијата за наредната година.

Согласно ставот (4) од овој член, Годишниот извештај за работа на Агенцијата за претходната година од ставот (3) особено содржи: Извештај за развојот на пазарот за електронски комуникации во Република Северна Македонија во претходната година; Извештај за реализацијата на активностите утврдени во Годишната програма за работа на Агенцијата за претходната година; Финансиски извештај за реализација на финансискиот план за претходната година и Годишна сметка, со податоци за реализирани приходи, расходи, побарувања и обврски за претходната година групирани по структура и по организацона структура на Агенцијата, ревизорски извештај од независен овластен ревизор, како и од Државниот завод за ревизија, доколку има извршено ревизија, при што во прилог на ревизорскиот извештај се доставува и ставот на Агенцијата во однос на резултатите од извршената ревизија и извештај за состојбата на средствата во компензацискиот фонд за универзална услуга, кој особено содржи податоци за исплата на нето трошоците на давателите на универзална услуга.

Согласно ставот 5) од овој член, со Годишната програма за работа на Агенцијата за наредната година од ставот (3) точка б) на овој член се утврдуваат задачите и целите кои Агенцијата треба да ги исполни наредната година, согласно со овој закон и истата особено треба да содржи: програма на планирани активности за наредната година и финансиски план за наредната година, кој содржи податоци за реализација на планираните активности, планираните приходи и расходи на Агенцијата за наредната година групирани по структура и по организациона структура на Агенцијата, како и предвидените капитални инвестиции на Агенцијата за наредната година.

Според став 6) на овој член, Годишниот извештај за работа на Агенцијата за претходната година од ставот (3) точка а) на овој член го усвојува Комисијата на Агенцијата, по предлог на директорот на Агенцијата, најдоцна до 10 март во тековната година.

Согласно ставот (7) од овој член, Годишната програма за работа на Агенцијата за наредната година од ставот (3) точка б) на овој член ја усвојува Комисијата на Агенцијата, по предлог на директорот на Агенцијата, најдоцна до 10 декември во тековната година, а според ставот 8) е наведено дека Годишната програма за работа на Агенцијата за наредната година од ставот (3) точка б) на овој член може во текот на годината да се измени, по постапка предвидена за нејзиното донесување.

Согласно член 19 алинеи 3 и 4 од истиот закон, Комисијата донесува одлука за усвојување на Годишниот извештај за работа на Агенцијата за претходната година и донесува одлука за усвојување на Годишната програма за работа на Агенцијата за наредната година.

Во доставениот Извештај за 2021 година очигледно е зголемувањето кај секој од индикаторите кои се однесуваат на развојот на пазарот во државата во однос на 2020 година. Особено треба да се истакне дека во однос на користењето фиксен бродбенд има зголемување од 5,97% во однос на 2020 година, односно бројот на претплатници од 462.476 се зголемил на 490.084. Исто така, во Извештајот е наведено дека бројот на претплатници на интернет преку оптичка мрежа е зголемен за 30.96%, односно во 2020 тој изнесувал 78.769, за во 2021 да се зголеми на 103.159.

Овој позитивен тренд на зголемување на користење на оптички интернет се должи пред се како резултат на зголемувањето на инвестициите во брзи оптички мрежи од страна на операторите.

Како резултат на претходното, а видно од Извештајот може да се констатира и зголемување на бројот на претплатници на широкопојасен интернет по пристапна брзина во однос на 2020 година. Во 2021 година граѓаните најмногу го имаат користено интернетот со пристапна брзина помеѓу 20 и 30 Mbs со број на претплатници 116.158 и помеѓу 50 и 100 Mbs со број на претплатници 110.908.

Во однос на бројот на активните претплатници во мобилната телефонија се забележува зголемување од 10.73%, односно бројот на претплатници во 2020 година изнесувал 1.833.689, за во 2021 тој да се зголеми на 2.030.386.

Бројот на резиденцијални при-пеид претплатници бележи раст од 21.38%, на пост-паид раст од 4.53%, а на деловни претплатници 1.52% во однос на претходната година.

Исто така, има и зголемување на корисници на мобилен интернет во однос на 2020 година за 16.32%, односно од 1.348.663 во 2020 година, тој се зголемил на 1.568.813 во 2021 година.

Во однос на пренос на радио и ТВ сервиси до крајни корисници, може да се забележи благ пораст на вкупен број на претплатници на ТВ услуги од 1.64%, што се должи најмногу поради зголемување бројот на претплатници на IPTV во процентуален износ од 4.75%.

Исто така, Агенцијата треба да ги има предвид забелешките на Европската комисија кои се нотирани во Извештајот за 2021 година, при што е констатирана загриженост околу независноста на регулаторот за електронски комуникации, како и назначувањата во регулаторната комисија и раководството на Агенцијата.

Согласно доставените податоци, Агенцијата во период од 1.1.2021 година до 31.12.2021 година има реализирано приходи во вкупен износ од 601.389.990 денари, што споредено со претходната година претставува зголемување од 16,45%.
Во структурата на приходи, најзначајно е учеството од надоместок од користење на радиофреквенции, кој за 2021 година изнесува 492.562.737 денари.

Во делот на расходите, Агенцијата има реализирано износ од 794.040.378 денари, што споредено со 2020 година претставува зголемување од 56,05%, кое се должи пред се на повисокиот износ на реализирани расходи за изградба на антенски систем за контрола и мониторинг на радиофреквенциите.

Од приложениот преглед на реализирани расходи, може да се согледа дека значајни износи се реализирани на следните расходни позиции: трошоци за плати (154.245.429 денари), трошоци за капитални средства (273.841.393 денари), трошоци за опрема (121.591.476 денари) и трошоци за помош и донации (67.051.920 денари).

Исто така, во текот на 2021 година, Агенцијата има реализирано капитални инвестиции во износ од 395.432.869 денари, што претставува 49,8% од вкупниот износ на расходи.

Врз основа на презентираните показатели за работењето на Агенцијата во 2021 година, може да се согледа дека има прикажано повисоки расходи од приходи за износ од 192.650.388 денари.

Во прилог на материјалот е доставен и Извештај на независниот ревизор, во кој е дадено мислење со резерва, пред се поради забелешки во делот на неизвесноста од наплата на дел од побарувањата, начинот на признавање и мерење на земјиште дадено на користење од страна на Владата на Република Северна Македонија, како и начинот на евидентирање и водење на инвестициите во тек.

Со Програмата за работа и Финансискиот план за 2022 година, Агенцијата за електронски комуникации планира приходи и расходи во износ од 556.150.000 денари.

Согласно член 29, став 8 од Законот за електронски комуникации, нереализираните средства од финансискиот план на Агенцијата од претходната година, Агенцијата ќе ги пренесе во финансискиот план за наредната година, при што може да одлучи тие средства, или дел од нив, да се користат за развој на електронски комуникации и информатичко општество, како и за други работи од значење за Републиката, утврдени со финансискиот план на Агенцијата.

Во однос на наведеното, Владата на Република Северна Македонија укажува на потребата во материјалот да биде содржано подетално образложение за нереализираните средства (240.249.661 денари), односно да се образложи видот на активности кои е планирано да се реализираат со истите.

**<u>Точка 55</u>**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Државната комисија за спречување на корупцијата за 2021 година и притоа го утврди следново мислење:
Согласно член 19 став (2) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19):

„Државната комисија за спречување на корупцијата поднесува годишен извештај за својата работа до Собранието на Република Македонија, најдоцна до 31 март во тековната година за претходната година. Годишниот извештај Државната комисија го доставува и до Претседателот на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија и средствата за јавно информирање.“

Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси содржи одредба (член 19 став (3)) со која е утврдено Годишниот извештај да содржи:

- статистички податоци за предмети оформени, решени предмети и предмети по кои постапува согласно со своите надлежности, со анализа,
- број на иницијативи поднесени до јавно обвинителство и други органи,
- информација за институциите кои не постапиле по барањата на Државната комисија,
- број на предмети за кои е покрената прекршочна постапка,
- оценка на спроведувањето на овој закон и
-оценка на состојбата со корупција и борбата против корупцијата во државата.

Предметниот Годишен извештај во најголем обем го исполнува горенаведеното барање за задолжителна содржина на годишниот извештај за работата на Државната комисија за спречување на корупцијата, со тоа што:
- Статистички податоци за оформени предмети, решени предмети и предмети по кои постапува согласно своите надлежности, со анализа, се дадени во поглавјата 3.2 „Постапување во случаи за сомнежи за корупција“ и 3.3 „Постапување во случаи на судир на интереси“ од Годишниот извештај.
- Податоци со број на иницијативи поднесени до јавно обвинителство и други органи, како и информации за институциите кои (не)постапиле по барањата на Државната комисија се дадени во истите поглавја наративно и во табеларните прегледи од прилозите 1, 2 и 3 од Годишниот извештај.
- Бројот на предмети за кои е покрената прекршочна постапка е презентиран во поглавјето 3.8 „Водење на прекршочни постапки“ од Годишниот извештај.
- Под посебна глава од Годишниот извештај, дадена е и оценка за состојбата со корупцијата и борбата против корупцијата во државата (Глава 4).

Во Годишниот извештај за 2021 година, Државната комисија не дала оценка на спроведувањето на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси. Во врска со овој дел од содржината на Годишниот извештај, потребно е да се има предвид активното учество на претставници на Државната комисија во работната група за подготовка на предлог измени на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси. Имено, по иницијатива на Државната комисија, а имајќи ги предвид дадените оценки за спроведувањето на Законот во годишните извештаи за работата на Државната комисија за 2019 и 2020 година, процесот за подготовка на Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси е започнат во 2021 година.

Согласно член 15 став (2) од Законот за заштита на укажувачи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 196/15, 35/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.257/20):

„Државната комисија за спречување на корупцијата е должна до Собранието на Република Северна Македонија да достави годишен извештај за примени пријави од укажувачи во рамки на својот годишен извештај за работа.“

Согласно оваа одредба, годишен извештај за примени пријави од укажувачи е содржан во предметниот Годишен извештај за работата на Државната комисија, под поглавјето 3.12 „Примена на Законот за заштита на укажувачи-ЗЗУ“.

Годишниот извештај за работата на Државната комисија за спречување на корупцијата за 2021 година, содржи сеопфатни информации и податоци за реализираните активности во вршењето на надлежностите на Државната комисија, со тоа што, покрај горенаведеното, наведени се и информации за активностите на Државната комисија и во остварувањето на надлежностите за следење на спроведувањето на мерките од национална стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси, следење на законитоста на изборните кампањи, евидентирањето и следењето на имотната состојба, проверка на податоците од изјавите за имотната состојба и интереси, антикорупциска проверка на закони подзаконски акти и водење на регистарот на избрани и именувани лица. Исто така, во извештајот содржани се информации за активностите преземени за спроведување на препораките на Совет на Европа-Група на држави против корупцијата (ГРЕКО) кои се однесуваат на Државната комисија (Поглавје 3.14).

Под посебни делови од Годишниот извештај, презентирани се преземените активности за подобрување на квалитетот на работењето на Државната комисија, нејзината соработка со други институции и меѓународната соработка, како и податоците за реализација на буџетот, завршната сметка и финансирањето (глави 5-7).

Доставувањето на Годишниот извештај за работата на Државната комисија за спречување на корупцијата за 2021 година е во функција на исполнување на законската обврска на Државната комисија за спречување на корупцијата, утврдена со горенаведените законски одредби.

Покарактеристични наоди што можат да се издвојат од Годишниот извештај се следните:

-Во текот на 2021 година, Државната комисија ги надминала проблемите со обезбедувањето услови за нејзино работење. Исто така, зголемени се човечките ресурси во Секретаријатот на Државната комисија, со 12 лица преку нови вработувања и преземања, а со унапредување на вработените зајакната е и раководната структура во Секретаријатот. Според Државната комисија, иако со бројот на вработените во нејзиниот Секретаријат е подобрена, фактот што само 53% од работните места се пополнети, придонесува за постоење на „тесни грла“ во одредени сектори, го пролонгира рокот за одлучување и ја намалува ефикасноста на нејзиното работење.

-Во текот на 2021 година, Државната комисија примила 720 пријави од граѓани со сомневања за постоење коруптивно однесување, злоупотреба на јавната функција, постоење на судир на интереси (во 2020 година примила 550 пријави); оформила 84 предмети по сопствена иницијатива (во 2020 оформила 102), а донела 675 одлуки (во 2020 година донела 606 одлуки), доминантно од областа на корупцијата.

-Најголемиот број од поднесените пријави до Државната комисија се со наводи за постоење сомнежи за корупција во правосудството, вработувањата во јавниот сектор и во областа на урбанизмот и просторното планирање и однесување на службени лица.

-Констатирани се прекршувања на одредби од Законот за спречување на корупцијата кои се однесуваат на забраните од областа спречување судир на интереси, по што Државната комисија по сопствена иницијатива отворила 17 постапки против службени лица.

-Постои видлив исчекор во однос на имплементацијата на препораките произлезени од проектот „Ранливост на законската регулатива во однос на корупција, проценка на практиките и процедурите за вработување со посебен фокус на непотизам, кронизам и клиентелизам“.

-Државната комисија спровела мониторинг на финансирањето на изборната кампања на учесниците во локалните избори 2021 година. Како резултат на спроведените проверки, Државната комисија идентификувала состојби на непочитување на утврдените обврски и непрецизности во одредби на Изборниот законик.

-Државната комисија упатила препораки и укажувања до надлежните институции за преземање на конкретни дејствија за надминување на констатираните состојби кои создаваат ризици за корупција.

-По основа на донесени решенија од прекршочната комисија во Државната комисија, изречени се глоби во вкупна вредност од 520.610 денари.

-Низок е степенот на реализација на активностите предвидени за изминатиот период со Акцискиот план на Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025. Во врска со тоа, Државната комисија го истакнува фактот дека поголем број од тие активности предвидуваат донесување на закони за што надлежните институции подготвиле предлози на закони кои се доставени во собраниска процедура.

-Државната комисија реализирала проектни активности, организирала јавни дебати на актуелни теми и спровела обуки, во рамки на својата надлежност за преземање активности на планот на едукацијата и јакнење на свеста за корупцијата и судирот на интереси.
-Зголемена е сензибилираноста на јавноста во однос на судирот на интереси-зголемен е бројот на пријави на сите облици на судир меѓу јавниот и приватниот интерес. Зголемена е свеста меѓу службените лица за потенцијалниот судир на интереси и ја користат законската можност да добијат мислење од Државната комисија, со цел избегнување на состојба на судир на интереси.

-Зголемената доверба на јавноста во работата на Државната комисија придонесе да се зголеми интересот на граѓаните за заштитеното пријавување согласно Законот за заштита на укажувачи.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија нема забелешки и дава позитивно мислење по однос на доставениот Годишен извештај.

**Точка 56**

Владата го разгледа Извештајот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2021 година и притоа го утврди следното мислење:

Предметниот материјал е во функција на членот 8 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/13, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 77/21), согласно кои Агенцијата за својата работа дава отчет пред Собранието со доставување извештај за својата работа, најдоцна до 31 март во тековната година.

Согласно последниот Извештај на Европската комисија за развојот на земјата, треба „да се зајакнат капацитетите на медиумскиот регулатор, додека финансиската стабилност и независност треба да бидат дополнително засилени по усогласувањето на националното законодавство со Директивата за аудиовизуелни медиумски услуги на ЕУ.

Медиумскиот регулатор продолжи да биде проактивен во промовирањето на медиумската писменост и во предупредувањето против навредувачки или дискриминаторски јазик, говор на омраза, непрофесионално новинарско известување, како и притисок и закани врз новинарите и медиумите".

Врз основа на содржината на доставениот материјал, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема активности во функција на остварување на целите и обврските кои произлегуваат од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Имено, како една од позначајните активности на Агенцијата минатата година се наведува мониторингот врз медиумското известување на радиодифузерите за

локалните избори, со кој не се констатирани прекршувања на Изборниот законик кај ниту еден радиодифузер. Во текот на 2021 година, врз работата на радиодифузерите Агенцијата спровела вкупно 137 програмски надзори (110 редовни, 24 контролни и три вонредни), додека над работењето на операторите на јавни електронски комуникациски мрежи се спроведени 98 програмски надзори, од кои 76 редовни, девет вонредни и 13 контролни. Врз таа основа, изречени се вкупно 65 мерки.

Исто така, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во текот на 2021 година, извршила 13 административни надзори над работењето на печатените медиуми. Во Извештајот за работа за 2021 година, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ги нотира активностите за медиумска писменост, обезбедувањето достапност до програмите за лицата со сетилна попреченост, родовите прашања во аудиовизуелните медиумски услуги, како и анализи и истражувања во однос на различни аспекти на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги.

Исто така, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во 2021 година, донел десет одлуки со коишто се одобрува промената во сопственоста на девет радиодифузери, откако претходно е констатирано дека со предложените промени не се прекршуваат одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Согласно податоците за финансиското работење во 2021 година, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во 2021 година има реализирано приходи во вкупен износ од 119.867.984 денари, што споредено со реализираниот износ претходната година претставува зголемување од 7,74%.

Во вкупниот износ на реализирани приходи, позначајни износи претставуваат приходите од Буџетот на Република Северна Македонија за финансирање на радиодифузна дејност и приходите од наплатена радиодифузна такса (67.239.899 денари), како и приходите од надоместок за дозволи за телевизиско и радио емитување (38.981.066 денари). Во расходниот дел, Агенцијата за 2021 година има прикажано износ од 82.820.566 денари, што претставува намалување од 55,93% во однос на реализираните расходи во 2020 година.

Во прилог на актите за финансиското работење на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е доставен и Извештај на независниот ревизор во кој е констатирано дека финансиските извештаи реално и објективно во сите материјални аспекти ја прикажуваат финансиската состојба на Агенцијата. Со Финансискиот план за 2022 година, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги има планирано приходи и расходи во износ од 133.754.238 денари.

Во структурата на приходи, позначајни ставки се приходите од Буџетот на Република Северна Македонија (54.000.000 денари), приходи од надоместоци за дозволи за вршење на радио и тв емитување (19.500.000 денари) и средства по основ на пренесен вишок од претходната година (49.154.238 денари). Во врска со планот на непродуктивни расходи за 2022 година (издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација, дневници за службени патувања и патни трошоци, договорни услуги, канцелариски мебел и сл), се цени дека е потребно да се преоцени зголемувањето на износот кај овие расходи.

Истовремено, потребно е во материјалот да биде дадено образложение за причините за зголемувањето на износот за плати за вработените за 2022 година, споредено со претходната година.

## Точка 57

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 45 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија бр.32/20), поднесено од градоначалникот на Општина Неготино и притоа го утврди следното мислење:

Со член 45 од Законот за урбанистичко планирање е регулиран начинот на кој ќе се спроведува изборот на изработувачот на урбанистичките планови и урбанистичките проекти, односно вршителот на работите од урбанистичкото планирање.

Изборот на изработувачот на урбанистичките планови и урбанистичките проекти, односно вршителот на работите од урбанистичкото планирање, се врши на три начини:

1. Изборот е уреден со одредбите на овој закон.
2. Изборот се врши врз основа на јавен повик согласно одредбите на овој закон.
3. Изборот го вршат заинтересираните правни и физички лица што го иницирале и го финансираат изработувањето на планот.

Во однос на првиот начин на избор, истиот се однесува на избор на вршител на работите од урбанистичкото планирање за работите што ги вршат Агенцијата за планирање на просторот и јавната установа за урбанизам, при што истиот е уреден со актите за нивно основање.

Во однос на вториот начин на избор, истиот се однесува кога за вршење на работите од урбанистичкото планирање за планови и проекти кои се финансирани со средства од буџетот на општината, општините во Градот Скопје и Градот Скопје, изборот се врши со јавен повик уреден со овој закон, од редот на правните лица со лиценца за изработување на урбанистички планови.

И во однос на третиот начин на избор, истиот се однесува кога за вршење на работите од урбанистичкото планирање за планови и проекти кои се финансирани со средства од страна на заинтересирани правни и физички лица од членот 40 од овој закон, изборот се врши од страна на заинтересираните лица, од редот на правните лица со лиценца за изработување на урбанистички планови.

Понатаму, конкретно во однос на вториот начин за избор со јавен повик, со член 45, став (5) од Законот за урбанистичко планирање е предвидено дека јавниот повик за изработување на урбанистички планови и урбанистички проекти го спроведува Комисија за спроведување на постапка за јавен повик за изработување на урбанистички планови и проекти, која е формирана од страна на градоначалникот на општината, општината во Градот Скопје и Градот Скопје, а која е составена од три члена, од кои најмалку два се стручни лица архитекти урбанисти, а другите се овластени стручњаци од областите што се релевантни за конкретниот зафат.

Согласно член 45, став (6) од Законот, на јавниот повик може да се пријават правни лица кои имаат лиценца за вршење на работите од урбанистичкото планирање.

Согласно член 45, став (7) од Законот е предвидено дека јавниот повик се објавува преку информацискиот систем е-урбанизам и на веб-страницата на општината, а согласно ставот (8) е предвидено што се треба да содржи јавниот повик.

Имајќи предвид дека јавниот повик за избор на вршител на работите од урбанистичкото планирање е уредено на посебен начин согласно овој закон, во ставот (9) се предвидени критериумите кои треба да бидат исполнети за да се додели договор на јавниот повик, а кои критериуми се содржани во јавниот повик.

Причините заради кои е предвидена посебна постапка за јавен повик според која треба да се изврши избор на вршител на работи од урбанистичкото планирање, се со цел да се обезбеди подобрување на квалитетот во изборот на изработувачи на урбанистички планови и урбанистички проекти при носењето на одлука од страна на градоначалникот на општината, општината во Градот Скопје и Градот Скопје.

Во таа насока е и ставот (14) од истиот член, согласно кој е предвидено дека незадоволните понудувачи имаат право на жалба на одлуката на градоначалникот до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот, од каде произлегува дека ова е управна постапка согласно правните лекови, степенот на одлучување и надлежните органи кои одлучуваат во истата.

Во однос на особено сложени и значајни подрачја и градби, согласно ставот (16) од истиот член е предвидено дека изборот на изработувачот на урбанистичкиот план и урбанистичкиот проект треба да се изврши на транспарентен начин по пат на распишување на јавен конкурс за урбанистичко-архитектонско решение, при што авторот за највисоко рангираното решение станува и изработувач на планот, доколку ги исполнува и другите општи услови пропишани со овој закон.

Постапката за објавување на јавен конкурс, согласно став (18) од истиот член е предвидено да е подетално уредена со подзаконски акт за начинот, содржината и формата на спроведување на различните видови на јавни конкурси за урбанистичко-архитектонско решение кој го пропишува министерот кој раководи со државниот орган надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот, на предлог на професионалното одделение на овластени архитекти урбанисти на Комората на овластени архитекти и овластени инженери.

Имајќи го предвид горенаведеното, а заради постигнување на целта за обезбедување на поголем квалитет во изборот на изработувачи на урбанистички планови и урбанистички проекти, дотолку повеќе што во Глава IX Преодни и завршни одредби, Подглава 1.Одредби од други закони што ја уредуваат материјата што се уредува со овој закон спротивно на неговите одредби, со членот 92 од Законот за урбанистичко планирање, е предвидено дека „Одредбите од постојните закони кои ги уредуваат прашањата во врска со урбанистичкото планирање што се уредени со овој закон треба да се усогласат со одредбите на овој закон во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон", Владата на Република Северна Македонија смета дека е потребно од страна на Министерството за финансии да се изврши усогласување на одредбите од Законот за јавни набавки со новиот Закон за урбанистичко планирање.

**Точка 58**

Владата го разгледа Решението У.бр.148/2021 и У.бр.15/2022 од 29 март 2022 година, за поведување на постапка за оценување на уставноста на членот 12 од Законот за утврдување на јавен интерес и номинирање на стратешки партнер за имплементација на Проектот за изградба на инфраструктурниот Коридор 8 (делница: Тетово-Гостивар-Букојчани и Проектот за Автопатот Требеништа-Струга-Ќафасан) и Коридорот 10 д (делница на Автопатот Прилеп-Битола) во Република Северна Македонија („Службен

весник на Република Северна Македонија“ бр.163/21) и притоа го утврди следново мислење:

Согласно членот 12 од Законот за утврдување на јавен интерес и номинирање на стратешки партнер за имплементација на Проектот за изградба на инфраструктурниот Коридор 8 (делница: Тетово-Гостивар-Букојчани и Проектот за Автопатот Требеништа-Струга-Ќафасан) и Коридорот 10 д (делница на Автопатот Прилеп-Битола) во Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.163/21), во тек на организацијата на работите во Проектот, во согласност со барањата на работниот процес и роковите утврдени со Договорот за градење, стратешкиот партнер ќе има право да го организира и распоредува работното време на работниците, така што работното време на секој работник, во текот на целиот циклус на Проектот, може да биде во просек 60 часа неделно во текот на годината (став 1). Понатаму, во ставот (2) е предвидено дека воведувањето на работното време во согласност со ставот (1) на овој член, е дозволено само со изречна, писмена и претходна согласност на работникот и сите останати важечки закони за безбедност и здравје на Република Северна Македонија, како и плаќањето на сите применливи даноци и социјални придонеси остануваат применливи.

Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр.62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.110/19, 267/20, 151/21 и 288/21), во членот 4 насловен како „Примена на законот“, предвидува дека овој закон се применува врз работните односи меѓу работодавачите кои имаат седиште или престојувалиште во Република Северна Македонија и кај нив вработените работници, кога работата постојано се врши на територијата на Република Северна Македонија, како и во случаите кога работодавачот привремено ќе го упати работникот на работа во странство.

Понатаму, во истиот член се наведува дека овој закон се применува, исто така, за работните односи меѓу работодавач и од територијата на земја членка на Европската Унија и работодавач од територијата на земја која не е членка на Европската Унија и кај нив вработените работници, коишто се воспоставуваат врз основа на договорот за вработување заради вршење на работа на територијата на Република Северна Македонија. Притоа, за работниците чиј работодавач и од територијата на земја членка на Европската Унија или работодавач од територијата на земја која не е членка на Европската Унија и истиот ќе ги упати на привремена работа во Република Северна Македонија врз основа на договор за вработување според странското право, согласно ставот (3) од истиот член, се применуваат одредбите на овој и друг закон, кои го уредуваат работното време, дневниот и годишните одмори, ноќната работа, минималниот годишен одмор, минималната плата, заштитата при работа и посебната заштита на работниците, исто така, за работните односи меѓу работодавач и од територијата на земја членка на Европската Унија и работодавач од територијата на земја која не е членка на Европската Унија и кај нив вработените работници, коишто се воспоставуваат врз основа на договорот за вработување заради вршење на работа на територијата на Република Северна Македонија.

Согласно горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека во однос на работното време можат да се применуваат и одредбите на Законот за работните односи и од предметниот закон, особено со оглед на фактот дека воведувањето на работното време од членот 12 став (1) е дозволено само со изречна, писмена и претходна согласност на работникот, земајќи ги предвид и прописите од областа на безбедност и здравје при работа.

**Точка 59**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Махир Зибери од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.5147, за КО Ѓорче Петров 3-Дексион, на КП бр.4343, викано место/улица П.Гиновски и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 60**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Васко Паскали од Охрид, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист број 90441, за КО Охрид 4, на КП бр. 4306/13, КП број 4313/2, КП број 4314/2 и КП број 4315/2, викано место/улица Видобишта и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски и Мислењето на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 61**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Васко Паскали од Охрид, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист број 101407 и Имотен лист број 101856 за КО Охрид 4, на КП бр.5310/1, викано место/улица Град и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 62**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Васко Паскали од Охрид, за размена на недвижен имот со Имотен лист бр.13987, за КО Охрид 2, на КП бр.12033, викано место/улица Никола Карев бр.43 и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 63**

Владата заклучи:

1. Го отповика Дарко Радески од должноста член на Одборот на директори на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, поради истек на мандатот.

1.1. Го избра Дарко Радески за член на Одборот на директори на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост.

2. Го именува Аријан Ибраим за повереник за вршење на работите од надлежност на градоначалникот на Општина Центар Жупа.

3. На Чедо Милошески му утврди престанок на функцијата државен правобранител во Државното правобранителство на Република Северна Македонија за подрачјето на Кичево, поради исполнување на услови за стекнување на правото на старосна пензија, заклучно со 30.6.2022 година.

4. Донесе Одлука за распишување Оглас за именување државен правобранител во Државното правобранителство на Република Северна Македонија за подрачјето на Кичево.

5. На Љупка Попеска и утврди престанок на функцијата државен правобранител во Државното правобранителство на Република Северна Македонија за подрачјето на Охрид, поради исполнување на услови за стекнување на правото на старосна пензија, заклучно со 30.6.2022 година.

6. Донесе Одлука за распишување Оглас за именување државен правобранител во Државното правобранителство на Република Северна Македонија за подрачјето на Охрид.

7. Го разреши Методија Стојчески од должноста член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом-Крушево, на негово барање.

7.1. Ја именува Костадинка Тасеска за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом-Крушево.

8. Го разреши Виктор Талески од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Центар за јавно здравје-Прилеп, поради истек на мандатот.

8.1. Го именува Виктор Талески за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Центар за јавно здравје-Прилеп.

9. Ја разреши Тања Николовска од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом „д-р Хаим Абраванел“ Битола, поради истек на мандатот.

9.1. Ја именува Тања Николовска за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом „д-р Хаим Абраванел“ Битола.

10. Ја разреши Даниела Јакимовска од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа -Крива Паланка, на нејзино барање.

10.1. Ја именува Билјана Јанковска за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа-Крива Паланка.

11. Го разреши Николаки Миов од должноста вршител на должноста член на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија.

11.1. Ја именува Лидија Нануш-овластен ревизор предложен од Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија за член на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија.

12. За претседател и членови на Националниот совет за културното наследство, ги именува:

а) за претседател
- доц.д-р.Бисера Костадиновска- Стојчевска, министер за култура;
б) за членови
- проф. д-р Анета Серафимова, историчар на уметност, Филозофски факултет, Универзитет„Св.Кирил и Методиј“, Скопје,
- проф. д-р Меџаит Положани, Државен универзитет Тетово,
- Цветанка Хаџипецева, д.и.а конзерватор советник, Национален конзерваторски центар-Скопје,

- Мери Стојанова, директор на НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј-Битола,
- д-р Муртезан Идризи, историчар, Институт за духовно и културно наследство на Албанците-Скопје,
- Маја Чанкуловска-Михајлова, виш кустос, Национална галерија на Република Северна Македонија,
- доц.м-р Дренуша Палоши, Современа уметност, Државен универзитет Тетово,
- м-р Кристина Бицева, советник за координација на меѓународна соработка во Управата за заштита на културното наследство,
- м-р Бехар Ферати, кустос-советник, НУ Уметничка галерија Тетово,
- м-р Анета Таневска, д.и.а. конзерватор -советник, НУ Конзерваторски центар-Скопје,
- проф. д-р Љупчо Ристески, етнолог, Природно-математички факултет, „Св.Кирил и Методиј", Скопје.

12.1. Со именувањето на претседателот и членовите на Националниот совет за културното наследство на досегашните им се утврдува престанок на мандатот.

13. Го разреши Асип Селим од должноста член на Органот за надзор на Јавната установа за згрижување деца со воспитно-социјални проблеми и нарушено поведение, на негово барање.

13.1. Ја именува Неџмија Саитова за член на Органот за надзор на Јавната установа за згрижување деца со воспитно-социјални проблеми и нарушено поведение.

14. Ја разреши Ферихане Бајрами од должноста член на Управниот одбор -претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за клиничка биохемија-Скопје поради истек на мандатот.

14.1. Ја именува Ферихане Бајрами за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за клиничка биохемија-Скопје.

* * *

Предлогот за именување на Ѕвонко Тренчовски за национален координатор за воени и полициски ветерани и Предлог-одлуката за дополнување на Одлуката за утврдување на коефициенти за пресметување на платата на функционерите кои ги именува Владата на Република Македонија, не се реализирани, согласно заклучокот на Владата од седницата, одржана на 31.5.2022 година.

## Точка 64

**1**. Владата по повод донесените заклучоци, од точка 81 од Нацрт-записникот од Четириесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 10 мај 2022 година, по повод одбележувањето на државниот празник 24 Мај „Св. Кирил и Методиј"-Ден на сесловенските просветители, во Рим, Република Италија, заклучи истите да се изменат и да гласат:

„1. Го определи составот на делегациите и тоа:

1.1 Владина делегација 1+10 (аудиенција, средби во Ватикан-дозволениот број од десет членови важи за сите делегации при папска аудиенција), предводена од претседателот на Владата на Република Северна Македонија, д-р Димитар Ковачевски и во состав:

- Тамара Ковачевска, ќерка на претседателот на Владата на Република Северна Македонија;
- д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи;
- Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи;
- доц. д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура;
- Мартин Попов, шеф на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија;
- Даријан Сотировски, директор на Комисијата за односи со верски заедници и религиозни групи;
- Пимен Илиевски, митрополит;
- Јосиф Тодоровски, митрополит;
- Зоран Стојанов, декан при Струмичко-скопската епархија на Католичката црква и
- Никола Јанкуловски, ректор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

1.2 Придружна делегација:

- Ана Андреевска, секретар за комуникации;
- Маријанчо Мадевски од Македонската православна црква;
- Елена Ласло, протокол;
- Санде Смиљанов, протокол;
- Ирена Смиљанска, Сектор за односи со јавност во Владата на Република Северна Македонија;
- Зоран Перчаковски, обезбедување на претседателот на Владата на Република Северна Македонија;
- Ирфан Мустафи, обезбедување на претседателот на Владата на Република Северна Македонија;
- Дамјан Чунихин, камерман на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и
- Мартин Маневски, фотограф на претседателот на Владата на Република Северна Македонија;

2. Секој член од официјалната делегација си ги покрива трошоците за сместување и за превоз од Буџетот на институцијата од која доаѓа.

3. Трошоците за хотелско сместување и превоз, односно авионски карти за претставниците на медиумите ќе бидат покриени од Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија.

4. Трошоците за превоз, односно авионски карти за претставниците на Македонската православна црква, Католичката црква и Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје ќе бидат покриени од Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија.

5. Трошоците за хотелско сместување за претставниците на Македонската православна црква, Католичката црква и Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје ќе бидат покриени од Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија.

6. Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди две црвени сатенски ленти за цветен аранжман.

7. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди соодветен подарок за владината делегација, предводена од

претседателот на Владата на Република Северна Македонија, д-р Димитар Ковачевски.

**2.** По повод укажувањето на м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, Владата го задолжи Министерството за надворешни работи да подготви и во рок од еден месец до Владата да достави Нацрт-текст на меморандум за разбирање и соработка помеѓу Република Северна Македонија и Република Естонија од областа на е-владеење и информациско комуникациски технологии.

**3.** По однос на доспеаните долгови коишто ги има ЈУ од областа на здравството за потребите на јавните здравствени установи универзитетски клиники, завод и ургентен центар-Скопје кон добавувачите на услуги и добра (за перална, за кујна, храна и слично), Владата заклучи:

- Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците до 20 мај (петок) да одржи заеднички состанок на кој да присуствуваат и претставници од Министерството за здравство, Министерството за финансии, Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија и ЈУ од областа на здравството за потребите на јавните здравствени установи универзитетски клиники, завод и ургентен центар-Скопје, со цел изнаоѓање соодветно решение за надминување на ова прашање.

**4.** Владата го задолжи Министерството за надворешни работи, да подготви извештај за сите рестриктивни мерки кои досега Владата ги има воведено (кои се однесуваат на државите поврзани со воениот конфликт со Украина), со пресек за нивна имплементација од страна на сите институции кои се задолжени за нивно спроведување и во рок од три недели да го достави до Владата.

**5**. Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 5 мај 2022 година до 11 мај 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**6**. Владата го одложи од разгледување Барањето за изземање од антикризни мерки на Државниот пазарен инспекторат, поради потребата Државниот пазарен инспекторат да го допрецизира Барањето со конкретни податоци за што се бара изземање од антикризни мерки и материјалот да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**7.** По повод воениот конфликт во Украина, во кој се предизвикани огромни човечки жртви и материјални штети, а со цел ублажување на последиците од истиот Владата заклучи:

- Се задолжува Министерството за финансии да подготви и до Владата да достави Предлог-одлука за одобрување на средства од резервите на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година во износ од 6.200.000,00 денари, која да се смета за донесена на оваа седница на Владата.

**8**. Владата ја разгледа Информацијата за реконструкција на казнено-поправните установи и ја усвои со следниве заклучоци:

1) Се задолжуваат Министерството за правда и Управата за извршување на санкции во рок од една недела да подготват Акциски план за надминување на проблемите со КПУ Идризово и истиот да го достават до Владата и Банката за развој при Советот на Европа-ЦЕБ.

2) Се задолжува Министерството за правда на секоја седница на Владата да реферира за степенот на реализација на Акцискиот план за надминување на проблемите со КПУ Идризово во делот на Пред преминување на Дневен ред.

**9.** Владата ја разгледа Информацијата со Проект за реконструкција и доградба на Регионална клиничка болница Штип и ја усвои со следниве заклучоци:

1) Се задолжува Министерството за здравство веднаш да подготви и до Банката за развој при Советот на Европа-ЦЕБ и Министерството за финансии да достави извештај за трошење на средствата од втората повлечена транша, статусот на активностите и начинот на користење на средствата од втората повлечена транша.

2) Се задолжува Министерството за здравство веднаш да извести до Министерството за финансии и Банката за развој при Советот на Европа-ЦЕБ за назначеното ново лице-координатор на проектот.

**10**. Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на целата територија на Република Северна Македонија, заради недостиг на електрична енергија и состојбите на пазарите на електрична енергија, за период од 12 април 2022 година до 18 април 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**11.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на целата територија на Република Северна Македонија, заради недостиг на електрична енергија и состојбите на пазарите на електрична енергија, за период од 19 април 2022 година до 25 април 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**12**. Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на целата територија на Република Северна Македонија, заради недостиг на електрична енергија и состојбите на пазарите на електрична енергија, за период од 26 април 2022 година до 2 мај 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**13.** Владата на предлог на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, д-р Димитар Ковачевски, а во врска со Самитот на иницијативата

„Отворен Балкан" во Северна Македонија 2022 година, кој ќе се одржи во Охрид на 7 и 8 јуни 2022 година, ги задолжи заменикот на претседателот на Владата задолжен за европски прашања, м-р Бојан Маричиќ и Секретаријатот за европски прашања институционално да ги координираат сите активности поврзани со Самитот, додека националниот координатор за Отворен Балкан и за регионални иницијативи, Марјан Забрчанец и националниот координатор за регионална соработка и европски интеграции, Нола Исмајлоска-Старова, своите активности поврзани со Самитот да ги координираат согласно нив.

**Точка 65**

Владата го разгледа најновиот текст на Извештајот за реализација на Годишната програма за финансирање на железничката инфраструктура за 2021 година, со дополнување, како материјал за информирање.

**Точка 66**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за извршениот скрининг за висината на бодот на јавните претпријатија со водостопанска дејност за најниската и највисоката исплатена плата, бројот на бодови и висината на истите (минимум и максимум), надоместоци на членови на управни и надзорни одбори и менаџерски договори, како материјал за информирање.

**Точка 67**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за статусот на реализација на средствата од програмите за прекугранична и транснационална соработка кои се спроведуваат во рамките на инструментот за претпристапна помош, ИПА II-Прекугранична соработка, за периодот јануари-јуни 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 68**

Владата ја разгледа Информацијата за потреба од прераспределба на средства од заемот од Европската банка за обнова и развој број 44175 од 5.12.2014 година наменет за изградба од железничката делница Бељаковце-Крива Паланка и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии, во соработка со Министерството за транспорт и врски и Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје, да достави барање до Европската банка за обнова и развој за Амандман на Договорот за заем од 5.12.2014 година, со кој ќе се направи прераспределба на средствата од заемот од Европската банка за обнова и развој број 44175 за финансирање на следните активности:

- Проектирање и рехабилитација на преостанатиот дел од првата делница Куманово-Бељаковце;

- Изградба и завршување на преостанатите работи од втората делница, Бељаковце-Крива Паланка;

- Обнова на преостанатиот дел од делницата Ногаевци-Неготино на Железнички Коридор X и

- Изградба на заедничка железничка станица Табановце.

2. Се задолжува Министерството за финансии по усогласување на Амандманот на Договорот за заем од 5.12.2014 година, да подготви и до Владата да достави предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем за финансирање на проектот „Изградба на нова и реконструкција на постојната делница Бељаковце-Крива Паланка-источниот дел од железничката пруга на Коридор VIII, фаза 2“.

**Точка 69**

Владата ја донесе Одлуката за дополнување на Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година, наменети за Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД-Скопје, во предложениот текст.

**Точка 70**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/582 на Советот од 8 април 2022 година за изменување на Одлуката 2014/145/ЗНБП за рестриктивни мерки во однос на дејствијата кои го поткопуваат или загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитет и независноста на Украина, во предложениот текст.

**Точка 71**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/578 на Советот од 8 април 2022 година за изменување на Одлуката 2014/512/ЗНБП за рестриктивни мерки во поглед на дејствијата на Русија за дестабилизирање на состојбата во Украина, во предложениот текст.

**Точка 72**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/579 на Советот од 8 април 2022 година за изменување на Одлуката 2012/642/ЗНБП за рестриктивни мерки во поглед на состојбата во Белорусија и вклученоста на Белорусија во руската агресија врз Украина, во предложениот текст.

**Точка 73**

Владата ја разгледа Информацијата за потреба од спроведување набавки за реконструкција на поранешниот објект на Комерцијална банка и за вршење на стручен надзор над реконструкцијата на поранешниот објект на Комерцијална банка од страна на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и ја усвои со следните заклучоци:

1. Врз основа на претходно издадено позитивно мислење од Министерството за финансии, даде согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните години на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија од буџетска програма 1Б за спроведување на повеќегодишни јавни набавки за реконструкција на поранешниот објект на Комерцијална банка и за вршење на стручен надзор над реконструкцијата на поранешниот објект на Комерцијална банка, двете со времетраење од 36 месеци и тоа:

- 2022 година: 9.000.000,00 денари со пресметан ДДВ;
- 2023 година: 100.000.000,00 денари со пресметан ДДВ;
- 2024 година: 131.000.000,00 денари со пресметан ДДВ и
- 2025 година: 170.000.000,00 денари со пресметан ДДВ.

2. Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија по добиено одобрение од Владата на Република Северна Македонија да спроведе постапки за повеќегодишни јавни набавки за реконструкција на поранешниот објект на Комерцијална банка и за вршење на стручен надзор над реконструкцијата на поранешниот објект на Комерцијална банка, двете со времетраење од 36 месеци.

3. Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветната фискална година.

**Точка 74**

Владата го разгледа Предлогот на закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на ТЕН-Т проектот за автопат од Скопје до границата со Косово, кој ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и Јавното претпријатие за државни патишта, по скратена постапка и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Текстот на Предлогот на закон предлагачот да го усогласи со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на ТЕН-Т проектот за автопат од Скопје до границата со Косово, кој ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и Јавното претпријатие за државни патишта, по скратена постапка, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и Филип Николоски, заменик на министерот за финансии, а за повереници д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии, Митко Трајчулески, државен секретар во Министерството за транспорт и врски, Сузана Пенева, државен советник во Министерство за финансии и Дејан Николовски, државен советник во Министерството за финансии.

**Точка 75**

Владата го разгледа го разгледа Предлогот на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем за финансирање на Регионалниот проект за цврст отпад, по скратена постапка и го утврди со следните заклучоци:

1. Текстот на Предлогот на закон да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем за

финансирање на Регионалниот проект за цврст отпад, по скратена постапка согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и Филип Николоски, заменик на министерот за финансии, а за повереници д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии, Каја Шукова, државен секретар во Министерството за животна средина и просторно планирање, Сузана Пенева, државен советник во Министерство за финансии и Дејан Николовски, државен советник во Министерството за финансии.

*

*   *

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 14:55 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**м-р Методија Димовски**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Димитар Ковачевски**